**НАЦРТ**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 15 став 1 алинеја 8 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, член 23 став 4 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14 и 153/15) и член 10 став 2 алинеја 1 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија”, бр.38/09, 158/10), согласно Мислењето на Дирекцијата за заштита на личните податоци, бр.12-2560/2 од 22.12.2015 година (наш бр.03-6710/2 од 29.12.2015 година) и Заклучокот на Советот на Агенцијата, бр.02-584/2 од 29.01.2016 година, на седницата одржана на 29.01.2016 година, донесе

**НАЦРТ - ПЛАН**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА СОЗДАВАЊЕ СИСТЕМ НА ТЕХНИЧКИ И ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ТАЈНОСТ И ЗАШТИТА НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

I. Со овој План се врши дополнување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-6591/1 од 27.12.2014 година (во понатамошниот текст: План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата).

II. Во Планот за создавање технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата во глава II. „Обработка на лични податоци“, по точката 12, се додава една нова точка, која гласи:

„ 13. За потребите за вршење програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуват операторите на јавни електронски комуникациски мрежи согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, збирка на аудио и аудиовизуелни содржини од емитуваните РА и ТВ програмски сервиси и аудиовизуелни секвенции од програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавна електронска комуникациска мрежа.“

III. Во останатите одредби Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-6591/1 од 27.12.2014 година, останува неизменет.

**Агенција за аудио и**
**Аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**